## КЛИМЕНТОВИОТ МАНАСТИР „СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН“ И РАСКОПКАТА ПРИ „ИМАРЕТ“ ВО ОХРИД

Во Охрид, јужно од „Горни Сарај“, до самото подножје на кулите се наоѓа месноста „Имарет“ каде до денеска стрчат урнатините на џамијата „Султан Мохамед“. Северно од тие урнатини на растојание од неколку метри, во стариот дел на градот, се единствените муслимански куќи, а јужно, источно и западно се нивите на „Имарет“, кои до пред некое време припаѓаа само на Турци.

Секој Охриѓанин знае дека во „Имарет“ бил манастирот на Св. Климент – „Св. Пантелејмон“, наречен од месното население „Стар Св. Климент“, за разлика од сегашниот „Св. Климент“, кој бил посветен на Св. Богородица.

Според народното предание самата манастирска црква била на местото на сегашната џамија, која, според едни, била урната, а, според други, претворена во џамија. Последните тврдат дека до пред 50–60 години на ѕидовите од џамијата имало траги од светци. Познато е дека сегашните урнатини од џамијата немаат никаква врска со црква, но поради урнатото кубе, излижаните од атмосферските влијанија орнаменти на џамијата, на некои Охриѓани сигурно им се привиделе како остатоци од фрески.

Од познатите документи што говорат за дејноста и делото на Св. Климент не излегува и не може да се каже дека точно на тоа место бил манастирот на Св. Климент. Во опширното житие на Св. Климент стои дека Климент, освен три величенствени куќи во Девол, од кнез Борис добил во Охрид и Главеница и по едно место за почивка, како и тоа дека Климент во Охрид подигнал сопствен манастир (Теофилакт), но дали Климент го подигнал манастирот на подареното место и каде во Охрид било тоа место од житието не може да се разбере. Раководен, главно, од народното предание, во поткрепа на кое наоѓа индикации во опширното житие како „место за почивка“, или Климент сакал да живее во својот манастир и поради неговата убавина, која многу ја сакал, а кој одговара на „Имарет“ во Охрид.

Раскопките скоро потполно го потврдија народното предание и докажаа дека сведоштвата што ги наоѓаме кај Теофилакт се доста верни. Во житието на Св. Климент, од Теофилакт, на страна 64 и 65, пишува: „А кога (Климент) виде како тој кнез (Борис) ја украси целата под негова власт Бугарија со седум соборни цркви, како шандан седмосвештеник да запали со вера – и тој пожела да подигне во Охрид свој сопствен манастир. Кон него тој подигна и друга црква што стана архиепископска катедра. И така – продолжува Теофилакт – во Охрид имаше три цркви: една соборна и две на Св. Климент, но поради својата кружна и сферична форма се многу полични од неа“[1]. Откриената црква во „Имарет“ навистина има

[1] Неизвесно ни е зошто Дворник пишува во својата книга *Les slaves, Byzance et Rome au IXe siécle*, Paris, стр. 315, дека црквата на Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон“ била голема и дека освен неа, Климент подигнал уште две други цркви, кога јасно стои во житието какви биле Климентовите цркви и колку цркви подигнал!

„кружна и сферична“ форма и по размерите заедно со предниот дел на храмот, т.е. „προναος-от“ е мала. А самата црква е многу мала. На страница 73 од истото житие читаме: „А светото и рамно по чест на душата тело… – бидна погребено во истиот манастир во гроб што сам тој со свои раце го продигнал од десната страна во предниот дел на храмот“, или, како што стои во житието во „пронаосот“. Во предниот дел на храмот на откриената црква од десната страна во аголот се наоѓаат два гроба. И двата се свртени кон исток. Гробот на југоисточниот агол е изграден едновремено со предниот дел на црквата, кој дел, како што ќе видиме, е изграден од Климент како анекс, затоа што целиот гроб е органски приврзан со анексот. Другиот гроб е од подоцнежно време, во случај од времето по реставрирањето на црквата и по второто или третото реставрирање, затоа што црквата била неколку пати реставрирана а ѕидовите на црквата и ѕидовите на овој гроб не се градени едновремено. Височината на овој гроб е до вториот под на преддверието, а не до првиот, како што е случај со гробот во југоисточниот агол. Јасно е дека првиот гроб е постар од вториот. Постариот гроб беше покриен само со земја, а поновиот имаше над земјата од кај главата и обична плоча (другите плочи што го покривале гробот, зошто тој бил покриен не со една плоча, ами со повеќе, не се најдени). Во првиот гроб не е пронајден костур од покојникот, а во вториот се најдоа три костури. За првиот гроб може да се каже дека бил направен и по извесно време некој бил закопан. Вака судиме врз основа на следните факти: од јужната страна, по целата должина на гробот, на височина што одговара на северниот ѕид на гробот, од јужниот ѕид на црквата до јужниот ѕид на гробот има еден слој од хоросан што преку источната ја сврзува северната со јужната страна од гробот. Овој втор слој од хоросан е ставен по погребувањето на покојникот, затоа што тој не само што врви од јужната преку источната на северната страна од гробот, туку тој ја сврзувал и надгробната плоча, како што покажуваат трагите од неа, а таа можела да биде сврзана за гробот со хоросан само по погребувањето на покојникот. Освен тоа овој гроб имал и надворешен, горен, дел, што почнувал од јужниот дел на црквата, а завршувал со северниот ѕид на гробот. Од горниот дел на гробот се гледа дека долниот дел од гробот, што е во земја, бил намерно изграден на извесно растојание од јужниот ѕид на црквата, за да може горниот дел од гробот, што е прилично зачуван, и делумно зачуваната ниша на источниот ѕид на гробот, што е сигурно од времето на реставрирањето на анексот, ни говори дека тој гроб бил на необичен покојник. За да се направи ниша над еден гроб, веројатно за икона и кандило, при реставрирањето на една црква (нишата е направена на источниот ѕид поради тоа што е соѕидана нишата на јужниот ѕид), значи да се земе под специјално внимание тој гроб. Јасно е зашто и нас не интересира повеќе овој гроб, отколку вториот. Прашање е само на кого треба да му се припише овој гроб при дадените околности: на св. Климент или на некој друг великодостојник?

Од народно предание се знае дека при „Имарет“ бил манастирот на св. Климент, во кој св. Климент бил погребан. Цитираните зборови од житието говорат дека во предниот дел на храмот, десно, бил гробот на св. Климент. Според народното предание моштите на св. Климент, пред Турците да ја преправат црквата во џамија, биле извадени од гробот и пренесени во друга охридска црква. Според житието Климент сам си го изградил гробот „со свои раце“ и кога бил погребан, се разбира, материјалот со кој плочата била сврзена за ѕидовите не можел да биде органски поврзан со материјалот од ѕидовите на гробот. Врз основа на житието и народното предание ние треба да го најдеме празниот Климентов гроб во една црква со „кружна и сферична форма“, и тоа десно во „пронаосот“. Според нашето напред изложено мислење токму тоа се констатира. Имено, дека гробот што го разгледуваме е Климентовиот гроб. Тој се наоѓа во црква со „ кружна и сферична форма“, од десна страна на предниот дел на храмот, изграден е едновремено со самиот преден дел на храмот, а покојникот бил погребан по некое време од градењето а подоцна откопан и коските се извадени. Според нашето мислење сите овие околности не можат да се земат како случајност. Ако пак го имаме предвид и фактот дека при раскопките во земјата се најде мазилка со образот на св. Климент, претставен како патрон на црквата, со натпис покрај него **О АГНОЅ КЛИМНЅ**, тогаш станува наполни јасно дека откриената црква е храмот на Климентовиот манастир, а југоисточниот гроб во предниот дел на храмот – Климентовиот гроб.[2]

---

[2] Понатаму ќе видиме што е всушност „пронаос“ за Климентовата црква.

Сведоштва за изградување на манастирот, освен во житието на Св. Климент (опширното и краткото), во други документи нема. И тие сведоштва се толку скудни што со сигурност не може да се каже која година бил изграден манастирот. На страна 64 од опширното житие стои: „Сето тоа (се однесува на пишаните дела на Климента) тој го остави во својот манастир, што го изгради во Охрид дури беше уште жив блажениот Борис пред наполно да ја прими Величката епископија“ („Ταῦτα δε κὰν τῷ μοναστηριω αὐτου ἀπέθετο ὃ ἐν 'Αυριδι ἐδειμαιο ἔτι περιόντος τῷ, βίῳ του Βορίσου, πρὶν ἤ πὰνιως τὴν τῆς Βελίτξας ἐπισκοπὴν ἀναδέξασθαι“ Migne, P. G., стр. 126, с. 1229.[3]

Познато е дека Климент станал епископ во 893 година, а Борис умрел во текот на 907 година. Според житието, значи самото градење на манастирот треба да биде меѓу овие две години. Цитираните зборови на житието: „Пред да ја примил наполно Величката епископија“ во нашиот случај заслужуваат особено внимание. На тие зборови обрнале внимание Г. Баласчев[4] и Ј. Трифонов[5]. Врз основа на нив изградбата на Климентовиот манастир, според Трифонов, била „околу 893 година“, а според Баласчев „преди още да приеме напълно Величката епископска катедра“. К. Мијатев во својата книга „Кр8глата църква въ Преславъ“ дословно го пишува следното, односно годината на изградувањето на Климентовата црква: „Една отъ тѣзи църкви (се однесува на Климентовите кружни цркви) била построена въ Климентовия манастиръ още приживе на княза Бориса, т.е. преди 907 година но и преди 893 година, заштото въ житието изрично се казва, че това станало преди Климентъ да приеме наплъно Величката епископия (страна 251). Мијатев можел да дојде до ваков заклучок затоа што не обрнал внимание на зборот „наполно“, без кој навистина излегува дека Климент го изградил манастирот пред 893 година, т.е. како учител. И мислењето на Снегаров[6] дека Климент што „работелъ и за украсяването на повѣрената му областъ съ църкви и манастири, въ които той виждалъ огнища на народна просвѣта“, зошто во таа насока бил насочуван од цар Борис, го изградил манастирот како учител, не е согласно со цитираните зборови на житието. На истото гледиште по ова прашање се и Новаковиќ[7], Туницки[8], Марковиќ[9] и др. Значи освен Трифонов, што го поставува изградувањето на Климентовиот манастир „околу 893 година“, и Баласчев, што нејасно го разрешува ова прашање дека од зборовите „преди още да приеме напълно Величката епископска катедра“, не може да се определи времето кога бил изграден манастирот. Сите научници што пишувале по ова прашање сметаат дека Климент го изградил манастирот како учител. До тој заклучок се дошло бидејќи не се обрнало внимание на зборот „наполно“ без кој, како што констатиравме, навистина излегува дека манастирот Климент го изградил како учител, а не како епископ.

Но ние сметаме дека на тој збор треба да се обрне особено внимание. Тој збор ни дава можност не само да го определиме поточно времето на изградувањето на манастирот, туку и да проникнеме во внатрешната положба на бугарската држава во првите години на Симеоновата влада.

Без оглед на мислењата, односно седиштето и границите на Величката епископија, ние ќе го разгледаме само значењето на сврзникот ἤτοι, што ги поврзува имињата на епископската титула на Климента Δρεμβιτζας и Βελιτζας за да се увиди дека со зборот „наполно“

---

[3] Василије Марковић, *Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији*, Сремски Карловци, стр. 5, забелешка 30.

[4] Г. Баласчевъ, *Климентъ епископъ словенски*, София, 1898 год., стр. XXXIX.

[5] Ю. Трифоновъ, *Царъ Борис – Михаилъ*, София, 1927 год.

[6] Ив. Снѣгаровъ, *Свети Климентъ Охридски*, Т. Ф. Чипевъ, стр. 22.

[7] Стојан Новаковић, *Први основи словенске књижевности међу балканским словенима*, Београд, 1893 год., стр. 77.

[8] Н. Л. Туницкій, *Свети Климентъ, епископъ словенскій, его жизнъ и просветителъная деятелностъ*, Сергіев Посадъ, 1918, стр. 205.

[9] Василије Марковић, *Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији*, Сремски Карловци, 1920, стр. 5.

освен што се дава нова смисла на целата реченица во која е тој, се оправдува и несогласието на научниците, односно значењето на зборовите Δρεμβιτζας и Βελιτζας – а оттаму произлегува и нашиот интерес за сврзникот ἤτοι. Според Туницки сврзникот ἤτοι се ставал почесто во такви случаи кога епископската катедра била пренесувана од едно место на друго и „тогаш епархијата – а не епархијалниот град имале двојно име: постаро и ново“.[10] Не случајно, според Туницки и во епископската титула на Климента двата назива се соединети со сврзникот ἤτοι; последниот како и во други слични именувања обединувал називи на различни области управувани од еден епископ.[11] Како одговор на статијата „Об епископской титуле Климента словенскаго“ од Илински, каде е цитиран Туницки, Снегаров подробно го разгледува значењето на сврзникот ἤτοι и пишува: „Съюътъ ἤτοι (или, сиречъ) както показватъ списъцитѣ на епархиитѣ на Охридската архиепископия и др. църкви, означава: I. Или че деветѣ названия (антично и ново) означаватъ напълно или едно и сщо мѣсто; II. Или, че едното название е име на епархииски центъръ, а другото на покраинината, где то се намира той, и обратно; III. Или пък, че се слѣти две епархии, втората отъ които по-рано е била епископия подведомствена на първата (митрополия); IV. или, че може би епархията била известна по името да два свои центъра – единиятъ деиствителенъ, другиятъ бившъ“. Бидејќи Снегаров го отфрла I, III и IV значење на сврзникот, продолжува: „Остава да се приеме второто значение, сир Δρεμβιτζα, а било име на епархиския центъръ, а Велика име на областъа“.[12]

Дали ќе се прифати мислењето на Туницки или на Снегаров е друго прашање, но ако пристапиме и кон едното и кон другото мислење дека Климент го изградил манастирот „пред да ја прими наполно Величката епископија“ излегува јасно дека Климент ја примил Величката епископија на две етапи. Ако се прифати мислењето на Туницки, тогаш втората област Климент ја примил по изградување на манастирот, а пак ако се прифати мислењето на Снегаров, тогаш последниот дел на областа Велика, Кимент го примил по изградувањето на манастирот. Што зборува овој факт? Зошто Климент не ја примил одеднаш „наполно“ Величката епископија? Не треба ли и во горниот факт да согледаме една внатрешна борба во Бугарија предизвикана од новата политика на Симеон, која политика го имала за цел очевидното славјанизирање на бугарската црква и просвета? Со образувањето на чисто словенска епископија и воведувањето на словенскиот јазик како официјален, се удрило по грчкото и гркоманското духовенство, кое било пречка на Византија, и многу е логично дека грчкото и гркоманското духовенство, во дадениот момент, реагирало на таа политика и повело борба против неа.

Грчкото духовенство требало, пред сè, да се бори против Климент, зошто тој како прв словенски епископ бил повикан да ја организира Величката епископија, а пак со нејзиното организирање наполно се отфрлало политичкото и духовното влијание на Византија во рамките на самата епископија. Каков бил односот на грчкото духовенство кон словенската книга, воопшто, и кон Климент, како носител на таа книга, каква била положбата на Македонските Словени во тоа време во црковен однос, се гледа јасно од следните редови. Васил Златарски според В. А. Погорелов пишува дека кога Црноризец Храбар го пишувал „Сказанието о Писменех“ требело да брза „защото – пропаганда която излиза преди всичко и главно изъ срѣдата на висшето духовенство въ България, заплашавала да осуети и дори да унищожи националната културно-просветна реформа на Бориса“.[13] Дворник дознава дека Борис го испратил Климента во Кутмичевица, затоа што грчкото духовенство околу Бориса и бугарската (хунорската) партија во св. Климент гледале свој противник. „Il n'est pas douteux que le haut clergé grec qui vivait dans l'entourage du prince ait vu sans bienveillance l'arrivée de ce Slave intelligent, disposant d'un moyen sûr pour attirer le peuple: la liturgie et les livres slaves. Sans

---

[10] Н. Л. Туницкій, *Свети Климентъ, еп. слов.*, стр. 201.

[11] Н. Л. Туницкій, исто, стр. 201.

[12] Иванъ Снѣгаровъ, *Пакъ за епархията на Св. Климента Охридски*, Македонски прегледъ, год VIII, кн. I, София 1932.

[13] В. Златарски, *История на българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове*, частъ II, стр. 858.

le montrer hostiles à l'oeuvre d'un homme que le prince lui-même protégeait, ils cherchèrent l'occasion favorable de briser son influence et de l'éloigner de la Bulgarie".[14]

Според Туницки „Естъ основаніе думатъ, что въ западной половинѣ Болгаріи въ это время (кога пристигнал Климент – Д. Коцо) еще не установена была правилъная организація церковнаго устройства, такъ какъ переходъ македонскихъ славянъ подъ властъ Болгаріи. Выражавшійся первоначалъно лишъ въ платѣ податей болгарскому князю не влекъ за собою непосредственного перехода духовенства, которое уже тамъ было, подъ властъ болгарской іерархіи. Между греческимъ духовенствомъ и Болгаріей изъ – за церковнаго устройства въ Македоніи на первыхъ порахъ веласъ боръба, о которой свидѣтелъствуетъ тотъ любопытный фактъ, что время въ болгаркую территорію, продолжаютъ настойчиво вноститъся греками въ списки епархіи Констанинополъскаго престола".[15]

Според нас, врз основа на напред изложената состојба во Бугарија може со право да се мисли дека борбата околу горереспоменатите епархии има врска со зборот „наполно" од реченицата во која се говори за ѕидањето на Климентовиот манастир. Оттаму и нашиот заклучок дека по извесна борба, главно по настојувањата на Симеон и Климент, последниот успеал да ја прими под своја власт целата Величка епископија. Таа внатрешна борба треба да траела најмалку толку колку што траело изградувањето на манастирот. Таа борба била сигурно забележлива и општопозната зашто Теофилакт го смета „полното" примање на Величката епископија од страна на Климента како важен факт и, со оглед на него, тој го определува и изградувањето на манастирот. Таа борба се водела, од една страна, меѓу грчкото и гркоманското духовенство во Бугарија, што ги штителo интересите на Цариград, и Климента и неговите ученици, што се бореле за словенска црква.

Во врска со „наполното" примање на Величката епископија може да се даде објаснување и на она место од списокот на охридските архиепископи (издаден од Du Cange) каде што се говори дека Климент, поранешен епископ на Тивериопол (!) или Велика, подоцна (ὕστερον), бил определен од бугарскиот цар Борис (треба да се разбере кнез Борис или пак цар Симеон – Д. Коцо) – да го надгледува и третиот дел од бугарското царство, т.е. од Солун до Јерихо и Канина односно Таситијат[16], затоа што зборовите „πριν ἢ πάντως" и „ὕστερον" изгледа дека се во врска со две една од друга зависни мисли. Според нашето мнение Климент, со наполното примање на Величката епископија т.е. подоцна (ὕστερον) постанал надгледувач на една третина од бугарската држава. Тоа се оправдава и со фактот дека епархијата Δρεμβίτζας ἤτοι Βελίτζας веќе не се сретнува ни во преспанскиот натпис, ни во хрисовулите на Василиј II, ни во други словенски и грчки споменици,[17] од каде произлегува како најверојатно дека таа епархија, поради новата политичка положба, создадена по смртта на Симеон, престанала да постои како таква.

Од изложеното е јасно дека Климент го изградил манастирот во 893 година или по оваа година, но не пред неа, зашто манастирот е сврзан со Климента како епископ, а не како учител. Околноста, пак, што ја приведува Туницки дека на Цариградскиот црковен собор од 861 година било земено решение „да не будетъ позволено никому изъ епископовъ созидатъ особенный для себя манастыръ, къ разоренію своей епископіи" (7 правило на Цариградскиот собор),[18] не може да се земе предвид при одредувањето на годината, т.е. времето на изградбата на Климентовиот манастир, бидејќи делото на Климент било раководено од многу поважни соображенија од тие што му диктирале на Цариградскиот црковен собор да го земе горното решение.

---

[14] Dvornik, *Lez Slaves*, Byzance et Rome au IXe siecle, стр. 314.

[15] Н. Л. Туницкій, *Св. Климентъ, епископъ словенски*, стр. 184–185.

[16] „Κλῆμης γενόμενος ἐπίσκοπος Τιβεριυπόλεως ἤτοι Βελίκας ὕστερον δὲ ἐπιτραπεὶς παρὰ Βορὶσου Βασιλέος Βουλγάρων ἐφοραν και τό τρὶτον μέρος τῆς Βουλγαρικῆς ἤγουν ἀπό θεσσαλονικης ἄχρις Γεριχῶ καί Καννίνων ἤτοι Τὰσηπιάτον" H. Gêlzer, Der Patriarchat von Achrida, Leipzig, 1902 стр. 6; преводот на М. Петрушевски.

[17] Н. Л. Туницкій, *Св. Климентъ, еп. словенски*, стр. 194.

[18] Ibid., стр. 205.

Климент го изградил манастирот со помош на Симеон. Овој факт се дознава од следното место на краткото Климентово житие: „Тој го имаше така покорен на своите збори Михајла (треба Симеона) наречен цар на Бугарите, да последниот му помагаше да гради цркви и беше готов да ја исполни секоја порачка (Хоматијан)[19] ( се гледа дека Климентовите цркви се изградени за време на царувањето на Симеон). За да може Климентовиот манастир да одговори на задачите што му биле поставени како на културен стожер, нужните средства, пред сè, согласно со горните зборови на краткото житие, треба да доаѓале од Симеон. Баласчев, пребројувајќи ги според народното предание имотите на Климетовиот манастир, заклучува дека „без сомнение, по известието на житието, тие биле подарени од Бориса, Симеона и управителите на таа (Охридска) област, а може и од покасни владетели“.[20]

Климентовиот манастир уште од основањето бил определен за културен центар на Македонските Словени. Борис, Симеон, Климент, Наум и другите учени современици не работеле без определен план. Климентовиот манастир не е случајно посветен на св. Пантелејмон. Јасно е дека постои духовна врска меѓу Св. Пантелејмон во Охрид и Св. Пантелејмон во Преслав[21], не само што двата манастира се изградени за време на животот на Борис и Симеон, туку и поради тоа што двата станале првите културни словенски центри на Балканот. Борбата што постоела во VIII век меѓу бугарската и словенската политика и во времето на Борис треба да била мошне силна, зошто Борис, за да се ослободи од влијанието на бугарските болјари, требал засилено да го помага словенизирањето на државата. Колку тој успеал во тоа е друго прашање, но покрај другите аргументи е и фактот дека најдобриот борец за словенското писмо и просвета тој го испратил во „Словенија“, страна во која словенскиот елемент бил доста чист и каде што успехот на Климент, поради тој важен факт, се сметал загарантиран, сведочи до кој степен била словенофилската политика на Борис. Колку пак таа „Словенија“ се сметала како словенска страна може да се суди и од неспорниот факт дека не само свети Климент туку и јазикот и книгите му се викале словенски. Туницки, говорејќи за спорното асимилирање на Бугарите во словенската маса пишува: „Наконецъ мы считаемъ чрезвычайно важнымъ въ разсматриваемомъ отношеніи то обстоятелъство, что въ литертурныхъ памятникахъ Симеонова вѣка и даже ближайшако къ нему времени славянскія письмена, славянскія книги, славянскій языкъ, славянскіе переводы, славянскій родъ нигдѣ не называются болгарскими, – что было бы естественно если бы болгары и славяне въ то время уже совсѣмъ потеряли сознаніе своей національной обособленности, и наоборотъ, болгарскій родъ нигдѣ не називаются славянаскими“.[22]

Во својот манастир Климент најмногу работел. „Мачно му стануело секогаш кога се навоѓал негде далеку од него“. Тој сакал да живее во него и поради убавината што „толку ја љубел“ (стр. 66 од опширното житие). Кога си направил според црковните закони завештание „како за своите книги, што ги напишал, така и за другиот свој имот“, тој ги разделил на два дела и ја оставил едната половина на Епископијата а другата на манастирот (стр. 72 од опширното житие). Кога Климент решил поради старост и „немошт од трудои“ да се откаже од епископијата и се јавил кај Симеон, покрај другото му рекол: „Дај ми ги тие малу останати дни да ги поминам во беседа со себе си и Бога! Добро жилиште за тоа ми е манастирот – дозволи ми да си умрам во него...“ (стр. 70 од опширното житие). Симеон не му ја исполнил желбата на Климент и тој си останал епископ на Величката епископија до својата смрт. Но, му се исполнила втората желба – тој умрел во својот манастир во Охрид.

Се напомена дека манастирот на св. Климент охридското население го знае под името „Стар Св. Климент“; но и вистинското негово име „Св. Пантелејмон“ не е заборавено. Во науката се знае дека Климент, не многу по смртта, бил канонизиран. Од XI век,

[19] Й. Ивановъ, *Български старини изъ Македония*, стр. 320; В. Киселковъ, Св. Кл. Охридски, стр. 140.

[20] Г. Баласчевъ, *Климентъ епископъ словенски*, стр. XLII.

[21] Др. В. Сл. Киселковъ, *Св. Климентъ Охридски, животъ дейность и жития,* 1941, стр. 48.

[22] Н. Л. Туницкій, *Свети Климентъ...*, стр. 161.

според опширното житие и Асемановиот календар „паметта му се чествуела на 27 јули“[23]. Сигурно уште тогаш и манастирот почнал да се вика „Св. Климент“.

Манастирот на св. Климент или, поточно, манастирската црква била реставрирана неколку пати. Како свидетелство за тоа ни служат не само подовите на црквата но и други аргументи што ќе бидат разгледани во вториот дел на нашава работа. Кога и по која причина станало уривањето и кој ги извршил реставрациите, со сигурност не може да се каже. Како сигурно може да се земе само тоа дека до времето на Тефилакт и во неговото владеење црквата не била урната, зошто во спротивен случај Теофилакт тоа би го одбележал во Житието на Климент, како што е одбележано дека „другата“ Климентова црква подоцна станала архиепископска катедра[24].

Ако судиме според живописот на делумно зачуваните две мазилки на ѕидовите од црквата, тогаш за првата реставрација треба да кажеме дека станала во XII век, а втората во XIII век, затоа што фреските на втората мазилка ги имаат сите белези на живописот од истиот век. Една паралела меѓу нив и фреските од сегашната црква „Св. Климент“, што се од крајот на XIII век, е доволна за да се потврди нашето мислење. Фреските на првата мазилка, како постари, можат да се датираат од Теофилакт наваму, т.е. од почетокот на XII век па сè до XIII век кога биле испишани вторите фрески. При втората реставрација на црквата, како што се гледа од мазилката, подот во „наосот“ останал на истата височина на којашто бил по првата реставрација, но бидејќи над тој под се наоѓа уште еден – третата реставрација е очевидна. Според натписот крај образите на споменатите двајца ктитори (напишан на мазилка што е ставена над една мазилка блиска до втората реставрација) најверојатно се зборува за обновувањето на црквата, па може да се каже дека црквата била обновена во времето на „кесарос Дукас“, зошто лево од царскиот образ стои напишано πανευτηχεστ το καìζα Δουκας. Тој треба да го изградил при обновувањето на црквата третиот под на црквата. Бидејќи тој под е на слој од хоросан дебел 40 см., црквата, а можеби и анексот, била доста време во урната состојба. Кој е „кесарос Дукас“ ќе биде јасно кога ќе се прочита целиот натпис. Сега можеме само како веројатно да претпоставиме дека тој можеби е епирскиот деспот Теодор Комнен, зашто образот на „кесарос Дукас“ е на мазилка веројатно до XIII век. Извесно е дека во време на царувањето на Теодор Комнен охридската црква се издигнала многу високо. Тогашниот охридски архиепископ Димитар Хоматијан дури го крунисал Теодор за цар. Односите меѓу Теодор Комнен Дука и охридската црква биле извонредно добри и, многу е можно, штедриот деспот кон охридската црква да го возобновил и манастирот на св. Климент.

Некакво обновување на црквата на св. Климент станало и во 1379 година[25], кое се поткрепува и со делумно зачуваниот живопис најден во насипот, но во што се состоело тоа обновување не може да се констатира. Можеби тоа треба да се поврзе со некое параклисче, како што е случајот со параклисчето на сегашната црква „Св. Климент“, подигнато во 1365 година, зашто и овде се најдени ѕидовите од две параклисчиња прилепени, едно од јужниот ѕид на преддверието, до самиот Климентов гроб, а друго до северниот ѕид на истото, крај вратата.

Со раскопките се констатира дека жовописот на црквата бил премачкан со вар. Од предното се заклучува дека самата црква била преправена во џамија, како што е случајот со Св. Софија во Охрид. Кога е преправена црквата во џамија не може да се каже. Според Киселков „кога Охрид паднал под турска власт, турските колонисти ја заграбиле манастирската земја, а во времето на султан Мухамед I манастирскиот храм го преправиле во џамија наречена „Султан Мухамед џамија“.[26]

---

[23] Иванъ Снѣгаровъ, *Св. Климентъ Охридски*, Т. Ф. Чипевъ, стр. 43.

[24] Теофилакт, *Житие на св. Климента*, превод од Ласков, стр. 65.

[25] G. Millet, *L'ancien art serbe – les églises*, Paris, 1919, p. 32.

[26] В. Сл. Киселковъ, *Св. Климентъ Охридски – животъ дейности и житиия*, София 1941 год., стр. 41–42.

Охрид паднал под турска власт по смртта на Крал Марко (1395–1396 год.), а султан Мухамед I управувал од 1414–1421 година[27]. Значи според Киселков манастирот наполно бил во турски раце од 1421 година наваму. Снегаров во книгата „Охридската архиепископия", том II, искажа едно мислење, односно времето кога црквата била преправена во џамија, а во книгата „Свети Климент Охридски" – друго. Според првото мислење на Снегаров тоа станало во времето на Селим I (1512–1520), зошто „малко преди смъртьта си (въ 1518 или 1519 год.) той заповѣдвалъ да се превърнатъ въ джамии всички каменни християнски храмове, като позволилъ на християнитѣ да строятъ само дървени цръкви" (стр. 52). Според второто мислење на Снегаров Турците во XV век го преправиле манастирот на св. Климент во џамија и ја нарекле „Султан Мухамед џамиси".[28] Снегаров, како што ни објасни во еден разговор, мисли на Султан Мухамед II. И двете мислења на Снегаров се поубедливи отколку мислењето на Киселков, но ние сме подготвени да го примиме повеќе првото отколку второто. При една толку строга царска заповед, како што била таа на Селим I, издадена од цар што го симнал татка си и ги уништил двајцата браќа и усмртил седум свои везири, природно е да не се зема под внимание славата на манастирот на св. Климент, ами точно поради неа да биде и тој преправен во џамија, и тоа меѓу првите цркви што биле преправени во џамии. Моштите на Св. Климент, како што се спомна, уште пред Турците да го исполнат своето решение, биле пренесени во друга охридска црква, што се констатира според иконите од црквата „Св. Софија" што денеска се наоѓаат во црквата „Св. Климент".

Треба да се одбележи дека во насипот со кој беше запретана црквата не е пронајдено апсолутно ништо друго освен парчиња од живопис, и тоа не поради тоа за да се помисли на прв поглед дека христијанското население од Охрид извадило сè што се наоѓало во црквата, ами поради погореконстатираниот факт дека црквата служела како џамија. И кога се урнала, во насипот можело да лежи само тоа што може да го има една џамија: некоја кожа или сеџаде.

Кога е урната црквата, а кога е подигната сегашната џамија е неизвесно. Поставеното прашање само до некаде може да се разјасни со подот и обликувањето на сегашната џамија. На 10 см под подот од џамијата започнува урнатината на ѕидовите од црквата. Обликувањето на џамијата почнува од подот на џамијата. Значи кога се правела џамијата, насипот на црквата претставувал терен кој бил користен, без да се расчисти за изградба на џамијата. Јасно е дека џамијата била изградена доста време по уривањето на црквата, зошто Турците во никој случај не би дозволиле да се зачуваат ѕидовите на црквата, ако таа беше урната малку пред градењето на џамијата. Бидејќи старите охриѓани што раскажувале како очевидци за состојбите во Охрид во првата половина на XIX век, воопшто не спомнуваат ништо за изградбата на џамијата, а тие сигурно би спомнале за тоа како за важен настан, можеме да кажеме, дека џамијата е изградена најдоцна во XVIII век. Значи самата црква постоела до XVII век или до првата половина на XVIII век, ако џамијата е изградена во втората половина на истиот век. За краткото постоење на црквата како џамија зборува и слојот вар над самите фрески.

Но иако биле наполно избришани трагите над земјата од манастирот Св. Климент, славата на Климент не била намалена. Народното предание од поколение на поколение предавало дека во „Имарет" бил манастирот на св. Климент и дека во тој манастир Климент живеел, работел и умрел.

## II

Првите сонди за раскопката го потврдија народното предание дека под подот на џамијата има урнатини на една црква. Расчистувањето стана на пластови дебели околу 20 см. Освен горниот пласт, што беше главно од обична земја, останатите пластови беа од

[27] В. Ћоровић, *Историја Југославије*, стр. 217 и 222.

[28] Иванъ Снѣгаровъ, *Св. Климентъ Охридски*, Т. Ф. Чипев, стр. 34.

насипот на урнатите црквени ѕидови. Во насипот покрај многу тули и камења се најдоа и стотина парчиња од разни мазилки. На мазилките има фрески што не се ниту од една епоха ниту со еднаква вредност. Овде-онде се најдоа и големи и мали блокови бигор што лежеа крај тули од паднатиот или раздробен свод или арка, што се констатира според положбата на самите тули. Кон крајот на расчистувањето на црквата на неколку места се дојде до самата земја. Понатамошната работа продолжи уште доста време, зашто беше сврзана со побавно расчистување на останатата земја поради различните подови, што лежеа еден над друг и што требеше поради големата уништеност да се расчистат внимателно, дури со раце. Расчистената црква, како што се гледа од приложениот план,[29] се состои од два дела: источен и западен. Западниот дел е изграден подоцна, како анекс на источниот. Источниот дел е всушност самата црква. Средниот дел на самата црква, а особено северниот крај, со изградбата на џамијата е наполно уништен. Како што се гледа од планот на црквата, североисточниот агол од џамијата е изграден над североисточниот дел од црквата. Самата црква, т.е. вистинската црква идејно нема никаква врска со западниот дел. Таа е триконха, без преддверие, со предапсидно олтарно пространство. Над централниот дел имала сигурно валчеста купола. Долга е 7,85 м, а исто толку и широка. Таа е значи дека е ставена во еден квадрат и треба да се отфли претпоставката на Баласчев, заснована на зборовите од Теофилакт, дека Климентовите цркви биле валчести, од кои зборови Баласчев заклучува дека „со таканаречениот стил ротонда (rotunda) се послужил прв во бугарската земја Климент, кој, можеби, го донел од Панонија или Моравија, зашто на запад и во Солун некои од римските зданија се граделе во валчеста форма – полна ротонда, додека на исток тие имале четвороаголник.[30] Исто така и претпоставката на Крсто Мијатев дека „може дури да се претполага дека Климентовите цркви никнале како подражение на столичната" нема основа веќе да се поддржува.[31] Во полуколциња на страничните (бочните) конхи на источниот крај се наоѓа по една речиси, колцеста ниша што излегува надвор од ѕидовите на конхите. Надворешната форма како на бочните конхи така и на изградените ниши во нив, е колцеста. Источната конха е тространа. Дебелината е 0,60 м. Подебели се само столбовите на црквата што се високи близу 2 метри и што едновремено претставуваат најдобро зачувани ѕидови на црквата.

Црквата е ѕидана од кршен камен и тули. Редовите од тули ги одделуваат редовите од камења без некоја особена прецизност. Камењата се местен производ. Меѓу нив се наоѓаат и фрагменти од антички зданија, како колони, капители и друго. Како материјал за врзување е употребен хоросан, направен од вар и езерски песок, во којшто се наоѓаат и камчиња. Особено големи се фугите на двата столба при влезот на црквата. Однадвор на ѕидовите не се забележуваат фуги. Како на олтарот така и на јужната конха однадвор се зачувани делови од мазилка. Тие говорат дека црквата и од надвор била измачкана. Делови од мазилка го одделуваат ѕидот на вистинската црква од ѕидот на анексот. Црквата има еден над друг три пода: основниот и два од времето на реставрациите. Основниот под бил изграден на следниов начин: над земјата бил ставен под од хоросан, направен од вар и песок. Над него бил ставен втор слој од хоросан во којшто имало многу тулен прав. Вториот слој служел веројатно како основа за мозаик. Траги од мозаик во расчистениот дел не се најдени. Бидејќи големиот дел од црквата од третиот под надолу, за да се зачува мозаикот на последниот под, не е расчистен, може да се претпостави дека таму ќе се најдат траги од мозаик на првиот под. Над вториот слој од првиот под лежи кночок, слој од земјата на урната зграда и над него два слоја од хоросан од првата реставрација на црквата. Првиот слој од двата последни е направен од вар и песок, а вториот содржи многу тулен прав. Над него бил мозаик што делумно е зачуван крај самите цокли, поставени при првата реставрација. Цоклите немаат основи ниту пак конструктивна врска со црквата. Разнобојните четвртасти и триаголни плочки од вториот мозаик ни даваат можност да го претставиме

[29] Планот се наоѓа на крајот на книгата.

[30] Баласчевъ, *Бѣлѣшки върху искуството въ българскитѣ земи през срѣднитѣ и поновитѣ вѣкове*, Минало, 1920.

[31] К. Миятевъ, *Крѣглата църква въ Прѣславъ*, стр. 252.

донекаде нејзиниот изглед. По страните на четвороаголните плочки биле сложени триаголни плочки во друга боја. Под цоклите се најдени многу ќумурчиња. Врз основа на тие ќумурчиња можеме да констатираме дека првата црква изгорела. По ѕидовите на црквата се зачувани делови од две живописни мазилки. Судејќи според постарата, што започнува од вториот под, можеме да кажеме дека првата мазилка воопшто не е зачувана. Црквата има од запад два влеза. Главниот е широк 2,98 м, а страничниот 0,85 м. Страничниот е северно од главниот. За една мала црква како нашава, покрај главниот влез, страничниот е необјаснет. На прв поглед ќе се помисли дека тој е изграден при една од реставрациите на црквата, и тоа со оглед на нејзиниот анекс – западниот дел на раскопаната црква. Кога ќе се проучи подобро целата црква се доаѓа до заклучок дека и страничниот влез е направен при градењето на првата црква. Северозападниот столб на црквата што започнува од првиот под, ни служи како доказ за горното. Ако се забележи дека тој столб можеби е изграден при реставрирањето на црквата, забелешката ќе се отфли со фактот дека како тој столб така и југозападниот се изградени од ист материјал, од иста рака и едновремено. И бидејќи при југозападниот столб ѕидот на анексот се оделува од ѕидот на столбот со надворешната мазилка на последниот, јасно е дека столбовите се од првата црква. Со столбот на страничниот влез и реставрираниот ѕид спроти него, може да се даде и одговор на прашањето дали св. Климент од основа ја подигнал вистинската црква или пак користел основи на некоја разрушена црква. Анексот е доѕидан до вистинската црква, што се гледа по мазилката на вистинската црква, до која е прилепен ѕидот на анексот. Бидејќи анексот е ѕидан од св. Климент, што се потврдува со неговиот гроб, нејзиниот северен ѕид не може да биде прилепен до реставрираниот ѕид на северната конха, ако Климент не ја извршил реставрацијата на тој дел од црквата. Кога пак на една црква се реставрира еден ѕид не на цел метар од подот па нагоре, тогаш слободно може да се каже дека целата црква била реставрирана. Според нашето мислење вистинската црква постоела и пред Климент, но тој ја реставрирал во такви размери што се сметало дека таа е токму неговата. Вториот под на црквата, според нас, значи е на Климент. Предната констатација се поткрепува и со фактот дека вистинската црква има оформен архитектурен тип, а анекс нема.

Третиот под на црквата е на височина на подигнатото цокле. Од него е зачуван во средината на црквата убав мозаик од кружни и четвртасти разнобојни мермерни плочки сложени според геометриски форми. За потполнување на слободните места меѓу плочите и добивање поголема декоративност се користени купчиња од разнобојни камчиња од мермер и друг камен. Многу плочки и разнобојни камчиња од овој мозаик се најдоа и на половина метар над третиот под. Според тоа се заклучува дека во црквата, од страна на охридските диви копачи, навистина се правени раскопки. Според зборовите на некои од нив, во 1935 година, дивите копачи дошле до ѕидовите на црквата, а на некои места дури и до мозаикот. Западниот дел на црквата или „анексот" има неправилна правоаголна форма. Тој се приближува до вистинската црква лево од страничниот влез и десно од југозападниот столб. Целиот западен дел, ако мериме од неговиот западен влез до главниот влез на вистинската црква, е долг 14 метри, а широк 7,70 метри. Темелот е дебел 1,22 метри, а самите ѕидови 1 метар. Ѕидовите се градени од материјал од којшто е градена и црквата. Редови од камења и тули се забележуваат само од надворешната страна на ѕидовите. Камењата и тулите од двете страни на ѕидовите се фугирани. На северниот ѕид од надвор, над два реда камења и тули, е поставен појас од четири реда тули. Западниот дел или анексот има три влеза: западен, северен и јужен. Северниот влез е широк 1,70 метри. Веројатно исто толку бил широк и јужниот влез, но ѕидот на тоа место е толку урнат што не е можно со сигурност да се установи неговата широчина. До северниот влез се открија ѕидови на подоцна соѕидан параклис. Ѕидови на приѕидан параклис, исто така, се открија и на јужниот ѕид на анексот, до самиот Климентов гроб.

И анексот се состои од два дела: западен и источен. Западниот дел е доста помал од источниот. Во источниот дел се најдоа три бази на колони од втората или третата реставрација на црквата. Четвртата база ја нема. Нејзиното место е до самиот гроб на св. Климент. Дали на истите места биле поставени и базите на првоначалниот под на црквата, ако

воопшто ги имало, не е извесно, затоа што земјата меѓу последниот под и првиот не е расчистена. Анексот има два пода. И двата имале мозаик. Првиот под бил на височина од вториот под на вистинската црква, која е еднаква со височината на гробот на св. Климент, како што се гледа од една зачувана плоча од мозаик до ивицата на самиот гроб. Плочата од мозаикот била покриена со хоросан што ја сврзувал надгробната плоча со ѕидовите на гробот и поради тоа се зачувала. Од целата раскопана црква источниот дел на анексот е најдобро зачуван. Западниот дел на анексот, како и вистинската црква при ѕидањето на џамијата е речиси уништен. Како што се гледа од планот на црквата ѕидовите на џамијата ги пресекуваат ѕидовите на западниот дел на анексот, така што од ѕидовите е зачуван само северниот агол и источниот дел на јужниот ѕид. Како изгледал западниот дел на анексот не можеме да кажеме, но се гледа дека од него се влегувало во источниот дел на два влеза, што биле сигурно поделени со ѕид во средината. Влезовите се еден до јужниот ѕид на анексот, што се гледа од зачуваниот мозаик на подот, а други до северниот ѕид, што се потврдува од фреските на истиот.

При реставрирањето на целата раскопана црква аголот образуван меѓу вистинската црква и анексот (пред главниот влез на вистинската црква), како и соодветниот дел на другиот столб бил пополнет со градежен материјал.

Во источниот дел на анексот се откриени три гробови: гробот на св. Климент, споменатиот гроб во југозападниот агол на источниот дел од анексот и еден помал гроб јужно од базисот на северозападната колона. Во Климентовиот гроб се најдени следните предмети: едно мало позлатено сребрено парче, веројатно од икона, орнаментирано со ковани листови; делови од три скршени кандила; 'рѓосани големи клинци, од кои на еден е проширен горниот дел; една пафта и ситни парчиња од коски. На стаклените кандила е образувана патина што лесно отпаѓа. Местата од каде што паднала патината даваат бои на божилак. Самиот гроб има форма на ковчег за погребување. Ѕидан е од редови тули поврзани со хоросан. Тулите се фугирани. На подот над слојот од хоросан, во два реда, се поставени плочи од глина. На западната страна е изградена мала ниша. Заедно со нишата гробот е долг два метри (дебелината на западниот ѕид на гробот не се смета во таа должина). Најголемата широчина е 0,62 м, а кај нозете 0,53 м. Длабок е 0,48 м. Горниот дел на гробот е широк 1,04 м, а висок веројатно 0,42 м. Над самиот гроб, при реставрирањето на црквата, на источниот ѕид е изградена погореспоменатата правоаголна ниша. Мала ниша била поставена и во јужниот ѕид на гробот од која е зачуван само долниот дел. Малтерот околу ѕидовите на гробот е смеса од вар и плева. Во таа смеса песок не се забележува. Во вториот гроб на анексот се најдоа коски од три покојника. Коските од последниот покојник покажуваат дека тој бил положен на плеќи, а коските од двата порано закопани се најдоа поставени лево и десно од главата на последниот. Во гробот се најдоа само неколку 'рѓосани клинци и едно посребрено бакарно копче, веројатно од свештенички алишта. Гробот е долг 2,25 м, широк 0,64 м, а длабок 0,82 м. Изграден е од камења и хоросан. Јужниот и западниот ѕид од источниот дел на анексот се истовремено и ѕидови на гробот. Гробот бил, како што се спомена, покриен со обични камени плочи, од кои се најде само една. Покојниците се веројатно игумени на манастирот или други духовници.

Во малиот гроб јужно од базисот на северозападната колона, под обични плочи, се најдоа коски од двегодишно до тригодишно дете. Тие беа, речиси, сосем изгниени. Во гробот не се најдени никакви предмети. Надвор од црквата се раскопа уште еден гроб до северниот ѕид на приѕиданото параклисче. Гробот е ѕидан од камења и хоросан и има форма на ковчег за погребување. Покриен беше со обични плочи. Во него се најдени коски од двајца покојници. Како што се гледа по коските, првиот бил на 10 до 15-годишна возраст, а вториот старец. Старецот имаше собрани, свиткани кон север нозе – сигурно дека гробот бил покус од неговата должина. Овој гроб сигурно бил ѕидан за првиот покојник. И двајцата покојници се, најверојатно, калуѓери од манастирот. Во гробот не се најдени никакви предмети.

Во насипот со којшто беше запретана црквата се најдоа и такви тули и керамиди на кои има драскотини, орнаменти, различни знаци, па дури и букви, но сите тие се веројатно

од реставрирањето на црквата. Во страничниот влез, т.е. на местото каде што се влегува од анексот во вистинската црква е пронајдено едно посребрено бакарно, мошне дебело парче, веројатно долен дел од шандан. До него бил поставен еден скршен ќуп полн со пепел и едно бакарно остро парче, веројатно од истиот шандан. Околу надворешниот гроб е пронајдена една монета и скршени земјени садови украсени со орнаменти во боја. Во северниот параклис на еден метар над подот, до самиот ѕид на џамијата, е пронајдено едно орнаментирано мермерно блокче, по секоја веројатност капител. Над гробот на св. Климент, на височина од еден метар, има два блока камења. Ивицата на едниот претставува корниз. Сличен камен со последниот се најде во југоисточниот агол на северниот параклис. Една елипсовидна мраморна плоча, поставена близу до последниот под на анексот, стои десно од северозападната база. Во насипот на западниот дел од анексот има длабоки прави цилиндрични дупки, сигурно од изгниени греди. Овде-онде и во останатиот дел од анексот се најдени слични дупки, само многу помали од тие во западниот дел на анексот.

Во горните пластови се најдени коски, веројатно од турски гробови.

Се напомна дека првоначалната мазилка во вистинската црква не е зачувана. Делови од првоначалната мазилка се забележуваат само во анексот, и тоа на нејзиниот северен ѕид кај страничниот влез под последната мазилка. На неа нема живопис. Дали целиот анекс бил без живопис, не може да се каже. Другите две мазилки се од подоцнежно време. Живописот на нив, иако е слабо зачуван, говори во полза на нашето мислење. Постарата мазилка е зачувана на северозападниот столб на вистинската црква од источната ивица на северниот ѕид на столбот до средината на растојанието од ивицата до кривината на ѕидот. Дел од таа постара мазилка е зачуван и на реставрираниот дел на северната конха и на средината од југозападниот столб. На мазилката од југозападниот столб нема живопис. Но, на неа има еден мал, со остар предмет, издлабен крст, крај кого, исто така со остар предмет се испишани букви. Буквите се толку уништени така што тешко можат да бидат препишани и прочитани. Споменатиот живопис на односната мазилка претставува двајца светци. Едниот е на столбот, а другиот на северната конха. Главата и нозете на првиот светец не постојат. Не може да се разбере кого го претставуваат, бидејќи и тоа што е зачувано е многу уништено. Од вториот светец е зачуван само средниот дел на телото. Според ризницата околу стомачниот дел и делумно зачуваниот штит сметаме дека тој е воен светец.

Живописот на втората мазилка е веројатно од XIII век. Тој ги носи општите белези на тој век. Тој живопис го покрива целиот северен ѕид на анексот, дополненијата на столбовите, дел од самите столбови, јужниот ѕид на анексот, и тоа од јужниот влез до западниот ѕид на источниот дел на анексот и дел од источниот ѕид на анексот над самиот гроб на св. Климент. Траги од оваа мазилка, како и од првата се наоѓаат и во вистинската црква.

На северниот ѕид од анексот се зачувани долните делови на четири светци и еден светец од раменици надолу. На последниот крстовите на алиштата, самите алишта, како и обработката на китката од раката се така предадени, што наполно личат на соодветните делови на живописот од сегашната црква „Св. Климент".

На западната страна од северозападниот столб е претставена Богородица, поставена на маса. Главата ја нема. Десно од Богородица на западната страна од југозападниот столб се забележуваат траги од светец. Веројатно тука бил претставен Христос, што значи како на столбовите во Старонагоричанската црква. На северната страна од северозападниот столб се претставени двајца светци. На еден од нив му е зачувана, речиси, целата глава. Стилот на таа глава, исто така, покажува дека овој живопис е од XII век. Под образите на сите ѕидови од источниот дел на анексот, со исклучок на западниот ѕид, што е премачкан со друга мазилка, е испишана бордура, која имитира разнобоен мермер. Бордурата на источниот ѕид на анексот, поради гробот на св. Климент, е поставена малку повисоко отколку на другите ѕидови. Според бордурата во страничниот влез, и тоа од кривината на ѕидовите па на исток, се гледа дека како првиот под на вистинската црква така и подот на двете реставрации, бил понизок за едно стапало од подот на анексот. Значи при втората реставрација

на црквата, кога мислиме да е испишан погореразгледаниот живопис, зачувана е височината на подот од првата реставрација и само подот на анексот бил издигнат незначително над првиот под. Но, бидејќи во вистинската црква има и трет под, ние ја поврзуваме таа последна реставрација со споменатите ктитори. Вистина е дека на западниот ѕид од источниот дел на анексот, како и на влезовите од западниот дел за источниот, првата мазилка не е од вар, песок и плева, како што е останатата мазилка на анексот, ами од глина и плева, ние сепак сметаме дека таа не може да се поврзе со споменатите ктитори од проста причина што образите на ктиторите, што биле испишани на северниот ѕид при страничниот влез, се на мазилка поставена над мазилката од глина и плева. Ние сметаме дека тие ктитори треба да се поврзат со третата реставрација на црквата, кога подот на вистинската црква и подот на анексот биле подигнати на еднаква височина и покриени со еднороден мозаик.

Веројатно тогаш се живописани и оние убави фрески од кои се најдени само фрагменти и на некои од нив ореолите им се премачкани со златна боја.

Се спомена дека вистинската Климентова црква според својот архитектурен тип е триконха. Но таа не е далеку и од четириконхалните цркви. Последните Стжиговски ги поставува во ермено-нишастите градби.[32] Според Мутафчиев трилисната крстообразна форма, што се наоѓа како на исток така и во гробните градби на стариот Рим, го води веројатно своето потекло од манастирската традиција во Египет.[33] Крстообразниот план на гробницата на Гала Плацидија во Равена (крајот на V век), продолжува по Стжиговски и Мутафчиев кој има свој прототип во Палмирската гробница во Мала Азија (од 280 година).

Мислењето на учените, односно татковината на нашите градби е различна. Според едни, како Стжиговски, овој тип градби се појавува за прв пат во Ерменија, од каде што се префрла на запад. Според други, тој е ѕидан на запад и оттаму поминат на исток. Главната карактеристика како за ерменските така и за средоземноморските централни нишести градби е иста: контруктивно-ограничена намена на нишите. Куполата и барабанот лежат исклучиво на потпорните ниши. Како суштествена разлика помеѓу едните и другите може да се посочи, освен друго, и односот на надворешните форми кон внатрешните. Кај средоземноморските централни градби „сообразно со пластичниот дух на римско-елинистичкиот свет“, како што пишува Мијатев, според внатрешните простани форми е расчленет и надворешниот облик со кружни форми. Кај ерменските градби внатрешните простани форми не одговараат на надворешните.[34]

Најстарата четириконхална црква во рамките на државата на кнез Борис е црвената црква во село Перуштица, Пловдивско (се разбира, не сметајќи ги крстилниците во Стоби и Цариничниот Град)[35]. Таа е четириконхална еднокуполна градба опфатена од север и југ со по еден полукружен ходник и со двоен нартекс на запад[36]. По проучувањето на живописот од страна на А. Грабар, нејзиното изградување се поставува најдоцна кон VII век.[37] Според Вера Иванова, исто така, врз основа на живописот, црквата датира од почетокот на VII век.[38] Стжиговски ја смета за чисто ерменска градба, изградена од ерменски колонисти.[39] Според Мијатев, таа треба да се постави понастрана од ерменските четириконхални цркви поради истите далечни стилови и композициски односи што тој ги констатира

---

[32] К. Миятевъ, *Кржглата църква въ Прѣславъ*, стр. 194.

[33] П. Мутафчиевъ, *Кръстови ната църква въ с. Клисе-кьой*, Известия на Българското археологическо дружество, V, 1–15.

[34] К. Миятевъ, *Кржглата църква въ Прѣславъ*, стр. 198.

[35] Јозо Петровић, *Крстионица у Стобима*, Уметнички преглед, 9, новембар 1940 године, стр. 265–266.

[36] В. Иванова, *Стари църкви и манастири – Тракия*, Годишникъ на Народниятъ музей за 1922–1925, София 1926.

[37] К. Миятевъ, *Кржглата църква въ Прѣславъ*, стр. 192.

[38] В. Иванова, *Стари църкви и манастири – Тракия.*

[39] В. Иванова, истото.

помеѓу Преславската црква и арменските многунишести цркви.[40] Четириконха е и најстарата црква во Велјуса, ѕидана во 1080 година, чиј тип често се наоѓа во Ерменија, а ретко во Византија[41].

Нишести цркви подоцна се среќаваат по целиот Балкански Полуостров. Во Нин црквата Св. Никола, што Стжиговски ја поистоветува со најстарата камена градба кај Пољаците – „четириаголникот“ – е триконха, која на влезот има правоаголен крак на крст, што преку тромпи е засведен со полуцилиндричен свод.[42] Речиси иста основа со црквата во Нин има и црквата во село Затон (десно по патот Беранс–Бело Поле). Затонската црква, црквата на некогашниот град Дриваст, кај Скадар, црквата „Св. Мартин“ во Придреза и црквата во Билица, по своите основи, двете последни само донекаде, се слични.[43] Според Г. Мије триконхата ја поврзува грчката школа со старите традиции на христијанскиот исток. Таа се раширила едновремено со засведената базилика во Солун (Ески Сарај, црквата „Св. Спас“) и во помалите градови и села на Македонија и Епир. Триконхните цркви во село Винени, крај Мала Преспа и Костур, Мије смета дека припаѓаат на византиската епоха. За Костурската црква мисли дека е ѕидана не многу подоцна од XI век.[44] Кон нив треба да се придодадат триконхите во село Злести, Охридско,[45] црквата „Св. Никола“ во Платани, кај Патрас и др.[46]

Поради многу раширениот тип на триконхалната црква на Балканскиот Полуостров, на прв поглед изгледа дека интересот за Климентовата црква се намалува. Навистина, таа е, како што се спомена, еднокуполна триконха со предапсидно пространство. Но фактот дека страничните конхи во источниот дел завршуваат со мали, речиси, колчести ниши, што излегуваат надвор од ѕидовите, на Климентовата црква ѝ придава особена важност. Ние на Балканскиот Полуостров не познаваме слична црква. Црквата во село Затон има навистина исто така мали ниши на истите места на северната и јужната конха, но тие се поставени во самиот ѕид, значи не ги пробиваат ѕидовите како кај Климентовата црква. Кај четириконхата во Агараќ (Ерменија) четириаголните пространства, во кои се влегува од северната и јужната конха,[47] ни се чини дека се доста далеку од соодветните на Климентовата црква, за да би можеле да се земат за образец на Климентовата црква, и оттаму и како предмет за разгледување. Според нашето мислење Климентовата црква со тие ниши само идејно може да се приближи и до Преславската црква. Како што е познато од книгата на Мијатев, Преславската кружна црква е еднакво туѓа како на ерменскиот така и на средоземноморскиот тип централни градби. Кај Преславската црква нишите немаат исклучиво конструктивно значење, како што е случај со двата спомената типа. Тежината на куполата од кружната црква во Преслав била распоредена на челните арки од нишите и главно на столбовите меѓу нив, а не на самите ниши како што е случај со ермено-ринските нишести градби. Нишата на Преславската кружна црква има повеќе декоративен карактер, а конструктивното значење и е второстепено.[48]

Кај Климентовата црква малите ниши имаат исто така главно декоративен карактер. Но северната и јужната конха имаат за цел, освен да го оформат внатрешното пространство и да послужат како надворешен декоративен елемент, да ја примат донекаде и тежината на куполата, која навистина се потпира на четири челни арки, потпрени со четири столба, но се поддржува и од конхите. Исто таква задача имаат и конхите на

---

[40] К. Миятевъ, *Крѫглата църква въ Прѣславъ*, стр. 253–254.

[41] Ж. Татић, *Два остатка византиске архитектуре у Струмичком крају*, стр. 88–89, Гласник Скопског научног друштва, књ. III, 1928.

[42] Стжиговски, *O razvitku starohrvatske umjetnosti*, Zagreb, MCMXXVII.

[43] А. Дероко, *На светим водама Лима*, Гласник Скопског научног друштва, Скопље, стр. 121.

[44] G. Millet, *L'école grecque*, стр. 94.

[45] Непознато ми е дали е публикувана.

[46] G. Millet, *L'école grecque dans l'architecture byzantine*, Paris 1916.

[47] Н. М. Токарский, *Архитектура древней Армении*, Ереван, 1946, стр. 74.

[48] К. Миятевъ, *Крѫглата църква...*, стр. 199.

црквата „Св. Марија“ во Талин, во Ерменија, која е од VII век[49] и која по внатрешните форми на планот, со исклучок на малите ниши е иста со Климентовата црква. Талинската црква, исто како и Климентовата, има кружна купола. Ние сметаме дека од предното може да се констатира врската на Климентовата црква со Исток. Соодветните надворешни форми на внатрешната Климентова црква ја приближуваат кон средоземноморскиот тип; но тоа е само формално. Фактички таа е далеку од него. Таа е триконха каде што архитектот посложно и сугестивно го разрешил декоративниот проблем на масата.

Досега се подвлече дека вистинската Климентова црква е ѕидана без преддверие. Со оваа своја карактеристика таа се приближува до старите триконхи, како, на пример, „Св. Марија“ во Талин,[50] „Св. Никола“ во Нин и други. Според нашето мислење особено внимание заслужува и прашањето што е всушност анексот. Во житието на Теофилакт, на стр. 73, стои дека Климент бил погребан „во истиот манастир во гроб што тој сам со сопствените раце си го приготвил τό δεξιòν του πρоναον μέρος (Опширно житие на Климент, стр. 73), од десна страна во предниот дел на храмот, според преводот на Ласков. Гробот е навистина во „предниот дел од храмот“, но тој преден дел не е πρоναος, за вистинската црква. Во вистинската црква, т.е. во триконхата ниту се најде гроб, ниту има трага од гроб, ниту пак може таму да се смести гроб. Таа е толку мала па не може да се замисли дека треба да има гроб специјално направен од Климент, како што стои во житието. Излишно е да се докажува дека таа нема ни преден дел, т.е. πρоναος, затоа што само пространството меѓу двата западни столба не триконхата би можело да се нарече донекаде преден дел, но тоа не е πρоναος. Климентовиот гроб значи не е во самата триконха, ами во една од триконхата доѕидана, прилепена градба што ние ја именуваме со анекс. Во житието, на стр. 5, како што споменавме стои: „Кон него (манастирот) тој (Климент) изгради и друга црква што после стана архиепископска катедра. И така во Охрид имаше три цркви: една соборната и две на свети Климент што макар многу помали од соборната поради својот кружен и сферичен вид се поубави од неа“.

Смислата на зборовите „кон него тој изгради и друга црква“ (τοὺτω δέ και ἑτέραν εκκλησìαν πρоέθηκεν[51]) за нас е од особена важност. До раскопката тие зборови се разбираа дека Климент изградил во Охрид друга црква, одделена од манастирот. Сега смислата на тие зборови сметаме дека треба да се измени. Глаголот προσ – τίσημι*, што значи до нешто поставувам, положувам; прибавувам, померувам, проширувам, приближувам, и што е во случајот центар на нашето внимание, по раскопката, им дава на овие зборови нова смисла. Видовме дека Климентовиот гроб не е во вистинската Климентова црква ами во анексот кон неа направен од Климент, а во житието споменат како πρоναος. Анексот има два дела: западен и источен. Во споредба со вистинската црква анексот е, речиси, за една половина поголем од вистинската црква. Западниот дел на анексот би можел да се земе за нартекс а источниот за наос на црква, што е приѕидана, придадена до западниот дел на друга црква. Олтарот на првата црква всушност би служел како олтар и за двете цркви (случај со двете цркви во Бојана, Софија). Во таков случај втората, придадената црква би можела да се нарече πρоναος на првата, особено ако првата е без пронаос, како што е случај со вистинската Климентова црква. Ние сметаме дека цитираните зборови од житието, по веќе изложеното, треба да се разберат вака: „Кон него (манастирот) тој (Климент) изгради, т.е. постави до него, прислони до него, или доѕида друга црква“, што значи дека анексот е втората Климентова црква за која се говори во житието. Но, во житието стои и тоа дека двете Климентови цркви, иако помали од соборната, поради својата кружна и сферична форма, биле поубави од соборната; а анексот нема кружна и сферична форма. Според последното би изгледало дека анексот не може да биде втората Климентова црква. Но ако се земе предвид фактот дека двете Климентови цркви претставувале една маса, еден блок (таква е местоположбата) за нас не е ништо чудно ако Теофилакт, правејќи ја паралелата меѓу собор-

[49] М. Васић, *Жича и Лазарица*, Београд, 1928, стр. 101–102.

[50] Н. М. Токарский, *Архитектура древней Армении*, Ереван, 1946, стр. 74.

[51] Х. Мих. Войновъ и ..., *Старогръцко-български речникъ*, София 1943, стр. 709.

ната и двете Климентови цркви, ги претставил двете Климентови цркви, т.е. блокот од двете цркви како побележит, поубав, поради сферичната форма, од соборната. Значи анексот е втората Климентова црква.

Да резимираме: Со ископувањата кај џамијата „Имарет“ се открија двете Климентови цркви. И двете се наоѓаат во манастирот „Св. Пантелејмон“, основан од Климент во 893 или по таа година. Тие се ѕидани една до друга. Првата Климентова црква е триконха, а втората црква со неправилна правоаголна основа. Триконхата е ѕидана на основите на старата разурната триконхална црква. Според Теофилакт „другата Климентова црква“, значи двете Климентови цркви, служеле извесно време како архиепископска катедра. По доаѓањето на Турците во Македонија, црквите биле претворени во џамија, наречена „Султан Мохамед“. Кога се урнале над нив била подигната нова џамија, која денес е разурната.

## НОВИ ПОДАТОЦИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА КЛИМЕНТОВИОТ МАНАСТИР СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН ВО ОХРИД

Проучувањето на историјата на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид извршени до 1965 година овозможуваат неговата историја да се подели на следните партии: 1. Климентовиот манастир од неговото основање до доаѓањето на Турците (вклучувајќи ги тука и сите доѕидувања и реставрации); 2. Климентовиот манастир од доаѓањето на Турците до претворувањето на манастирската црква во џамија и 3. Климентовата црква од нејзиното претворување во џамија до подигањето на џамијата „Султан Мухамед". Меѓутоа, со археолошките испитувања што се извршија во 1965 година надвор, односно околу џамијата „Султан Мухамед" (со цел да се добие поцелосна слика на доѕидувањата на Климентовата црква и со тоа дадат попотполни податоци за изработување на елаборат за конзервација на овој значаен културно-историски споменик) се открија толку нови и такви податоци што овозможуваат не само да се појаснат некои делови од историјата на Климентовиот манастир туку и да се согледаат и контурите на една нова, до овие археолошки испитувања несогледана партија од неговата историја (Археолошките испитувања ги изведоа Републичкиот завод за заштита на културните споменици на СРМ и Заводот за заштита на спомениците на културата Охрид во соработка со Народниот музеј Охрид).

За извонредно значајни нови податоци ги сметам следните: 1. Триконхосот што Климент го обновил на локалитетот „Имарет" уште пред Климента бил соѕидан над урнатините на една ранохристијанска базилика; 2. Во насипот од турскиот период меѓу апсидата на Климентовата црква и апсидата од ранохристијанската базилика се откриени остатоци од трета апсида и 3. По урнувањето на Климентовата црква како џамија над урнатите ѕидови од ексонартексот и кулата биле погребувани калуѓери.

Судејќи според остатоците од најдените горетини над подот од споменатата ранохристијанска базилика, оваа базилика во засега непознато време и од непознати причини изгорела. Триконхосот што покасно бил соѕидан над оваа изгорена базилика по своите димензии бил многу помал од базиликата и очигледно е дека тој бил изграден без настојувања да се почитуваат пропорциите на првобитната црква. Меѓутоа, на ова место овој тринхонхос не бил случајно соѕидан. Логично е да се претполага дека се знаело оти тука и порано била црква. Оваа традиција можела да биде сочувана и во времето на Климента. Поткрепа за ваквото мислење наоѓам во Климентовото житие од Теофилакт каде се зборува за местата што Климент ги добил од бугарскиот кнез Борис за одмор[1]. Ако се сака да се определи местото што Климент го добил во Охрид, тогаш логично е да се мисли на она место каде Климент го подигнал својот манастир.

---

[1] Теофилакт, *Житие на Св. Климента Охридски*, Превод од Д. Т. Ласков, София, 1916, стр. 53.

Ова претпоставка ја поткрепува и тоа што за духовно лице-калуѓер место за одмор во прв ред можел да биде манастир. Околностите под коишто Климент го изградил својот манастир во Охрид позволуваат да се постави прашањето дали бугарскиот кнез Борис на Климента му подарил во Охрид запустел манастир со цел да го обнови за да му послужи како место за одмор или пак Климент требало да подигне нов манастир на старо култно место, зошто местоположбата на овој дел од градот и во едниот и во другиот случај можела наполно да ги задоволи и настојувањата на Борис и желбите на Климент. Во прилог на претпоставката дека Климент обновил запустел или разрушен манастир зборуваат релативно малите димензии на триконхосот што Климент го нашол во урнатини како и тоа дека крстилниците и манастирските цркви во раниот среден век често биле триконхоси[2]. Освен тоа манастирот што Климент го подигнал во Охрид бил во самиот град и тоа на оној негов дел каде се најдени речиси една до друга повеќе цркви (две ранохристијански, една од времето пред Климента – триконхосот, една над урнатините од ранохристијанската црква – четириконхалната базилика и една северно од последната). Освен триконхосот, ни една од овие цркви не била обновена во времето на Климента. А ако кон ова се додаде дека во Охрид христијанската црква уште во IV век имала свој епископ и интензивен црковен живот, тогаш претпоставката за можноста Климент да обновил запустен или разрушен манастир во Охрид за мене постанува логична и прифатлива и покрај недостатокот на директни податоци за постоење на запустен манастир и негово обновување и тоа толку повеќе што Охрид од урнатините во коишто се нашол во VI век од катастрофален земјотрес[3] едвам кон втората половина на IX век почнал да се опоравува и повторно да игра значајна улога во овој дел на Балканот.

Вториот значаен нов податок што ни го дадоа археолошките испитувања од 1965 година заслужува, според моите разбирања, особено внимание и поврзан со третиот претставува вистинска реткост за науката. Остатоците од апсидата што се најдоа во насипот од турскиот период претставуваат темели на апсида од една зграда што била подигната по урнувањето на Климентовата црква како џамија. Овие темели се со својот прв ред камења на 50 см над подот од триконхосот. Овој факт покажува дека апсидата припаѓала на објект што немал никаква конструктивна врска ниту со ранохристијанската базилика, ниту со триконхосот, односно Климентовата црква. Јасно е дека апсидата припаѓала на објект што бил подигнат по урнувањето на Климентовата црква, односно во турскиот период, бидејќи само во тој период можела да се сруши Климентовата црква како џамија. Меѓутоа, ако е јасно дека објектот на којашто му припаѓала апсидата бил подигнат во турскиот период, не е јасна намената на објектот. Оваа апсида се наоѓа на 1,2 м од апсидата на триконхосот и на 4 м од апсидата на ранохристијанската базилика. Таа е свртена кон исток како и двете други апсиди.

Сите три апсиди се значи на една иста осовина во правец исток–запад. А сите три апсиди имаа различни нивои на подовите (најнизок ранохристијанската базилика, а највисок објектот со апсидата што се разгледува). При оваа положба на апсидите и нивоите на подовите би требало да се помисли дека и објектот со апсидата што е во прашање претставувал црква подигната по урнувањето на Климентовата црква како џамија. Меѓутоа, се поставува прашање, како може да се подигне црква над урнатините на една џамија што порано навистина била црква и тоа меѓу најпознатите, но која била претворена во џамија и како џамија срушена? Одговорот на ова прашање ја претставуваше тешкотијата за определување намената на објектот на којшто му припаѓала споменатата апсида. Колку што мене ми е познато нема случај во турскиот период над џамија да се дозволи ѕидање на црква. Ниту во изворите, ниту во достапната ми литература не сум нашол такви податоци, та дури ни претпос-

[2] Djordje Stričević, *Les Eglises triconques médiévales en Serbie et en Macedoine*, Actes du XIIe Congrès international d'études byzantine Beograd 1963, 239; Кър. Миятев, *Архитектурата в'средновековна България*, Българска академия на науките, София, 1965, стр. 103.

[3] Прокопий Кесарийски, *Тайна история,* Извори за Българската история, III, София, 1959, стр. 151, издание на Българската академия на науките.

тавки. При оваа положба потребни беа други, нови податоци за разрешување на поставеното прашање. И тие нови податоци јас ги гледам во калуѓерските гробови откриени над урнатите ѕидови од ексонартексот и кулата на манастирската црква. Овие гробови имаат ориентација исток–запад. Покојниците се погребени во сандаци (од коишто се најдени траги – клинци и остатоци од штици), впрочем на ист начин како и покојниците што се најдени источно од Климентовата црква, над источниот дел од ранохристијанската базилика. Само додека гробовите најдени источно од Климентовата црква можат лесно да се објаснат и датираат до времето кога црквата била претворена во џамија, гробовите најдени над урнатините од Климентовата црква како џамија не можат лесно да се објаснат, зошто тешко е да се сфати погребувањето на христијани над урната џамија. А дека покојниците се христијани покажуваат сите податоци што ги даваат гробовите, во прв ред белезиите на десната рака на едното од двете погребени деца во јужниот дел од урнатиот ексонартекс (Познато е дека муслиманите ги погребувале покојниците без предмети, завиткани во чаршав, и без сандак и дека болните деца што биле донесени во цркви биле посветени на светци-доктори или чудотворци како Св. Пантелејмон, Св. Климент, Безсребрениците и др., ако умреле во манастирот, таму биле погребувани).

Одговор на прашањето каква била намената на објектот на којшто му припаѓала апсидата што ја разгледувам јас наоѓам во поврзувањето на оваа апсида со гробовите најдени над урнатата црква како џамија. И апсидата и гробовите се во насипот од турскиот период. И гробовите и апсидата се ориентирани кон исток. А ако гробовите се христијански и апсидата мора да се поврзе со објект што имал христијански карактер. Одејќи по овој пат, дојдов до заклучок дека апсидата што ја разгледувам е остаток од една црква подигната во турскиот период над урнатините од Климентовата црква како џамија, односно од црквата на обновениот Климентов манастир (со којшто се поврзуваат и споменатите гробови).

Овој мој заклучок колку да изгледа логичен и реален тој ќе претставува хипотеза се додека не се објаснат и можностите за обновување на Климентовиот манастир во турскиот период како и условите под коишто повторно била претворена Климентовата црква во џамија, во последниов случај не со задржување на самата зграда, туку со ѕидање на џамија над урнатините од обновената, односно над урнатините од двете манстирски цркви подигнати една над друга, но со различни димензии и со различни архитектурни форми. А дека димензиите биле различни, како и архитектурните форми, покажува односот на разгледуваните гробови и апсида кон Климентовата црква до нејзиното рушење.

Во турскиот период голем број од манастирите не само во Македонија, ами и во останатите делови на Турското царство од турската власт добиле потврда за своите права. Постојат докази дека во овој период било дозволено обновување на стари цркви, та дури и подигање од темели, под услов да се задржат димензиите Што ги имале пред доаѓањето на Турците[4]. Ако се земе под внимание фактот дека црквата на Климентовиот манастир во Охрид постоела во сознанието на народот не само по нејзиното урнување, туку и по подигањето над нејзините урнатини на џамијата „Султан Мухамед", тогаш законските прописи што важеле за обновување на стари разрушени цркви можеле да се применат и на Климентовата црква, без оглед на тоа што таа извесно време служела за џамија. Во Охрид, секако, муслиманското население и пред откривањето на остатоците од Климентовата црква под подот на џамијата „Султан Мухамед" верувало дека на локалитетот „Имарет" бил манастирот на Св. Климент, зошто општо е познато дека жителите на Охрид „Имарет" го викаат Стар Св. Климент. Живата традиција за постоењето на Климентовиот манастир заедно со краткотрајната употреба на Климентовата црква како џамија (што се потврдува со тенкиот слој вар најден над сите сочувани фрагменти од фреските на ѕидовите од Климентовата црква) секако претставувале решителен фактор за добивање дозвола за обновување на Климентовиот манастир, респективно Климентовата црква Св. Пантелејмон. Во поткрепа

[4] *Македонија во XVI и XVII век, документи од цариградските архиви (1557–1645)*, превод, редакција и коментар од Душанка Шопова, Институт за национална историја, Скопје, 1955, стр. 89.

на ваквото мислење стои и култот на св. Климент чудотворец како и сигурниот факт дека св. Климент бил патрон на градот (како патрон на Охрид св. Климент бил претставен во црквите Мали Св. Врачи во Охрид и Св. Спас во село Лескоец, недалеку од Охрид. Последната црква е живописана во турскиот период[5]). Тој бил веќе почитуван како светец неразделен од историјата и судбината на градот. И Плаошник, стариот назив на „Имарет", за Охрид и во турскиот период бил свето место, зошто сѐ до 1937 година, кога имањари открија траги од фрески под подот на џамијата „Султан Мухамед", секој охриѓанин знаеше дека во „Имарет" бил манастирот Св. Пантелејмон наречен Стар Св. Климент.

Меѓутоа, ако култот на Св. Климент претставувал неоспорен доказ за постоењето на неговиот манастир во „Имарет" и со тоа и реална можност за добивање дозвола за обновување на овој манастир, прашањето кога биле созреани условите за ова обновување е многу сложено. Пред сѐ треба да се одговори на прашањето кога била срушена Климентовата црква како џамија, а кога подигната сегашната џамија за да може во временскиот интервал меѓу овие два настани да се бара најпогодното време за обновување на манастирот.

Во науката постои мислење, врз основа на една скоро најдена вакуфнама во Охрид (од 1490–1491) и податоците што ни ги дава Евлија Челебија, дека Климентовата црква била претворена во џамија во втората половина, или поточно кон крајот на XV век. Според споменатата вакуфнама Јусуф Челеби од Охрид подигнал текија и школа за сиромашните муслимански деца и муслиманските сирачиња. Текијата ја увакуфил со сите нејзини принадлежности и ја подарил на султанот Бајазит, синот на султанот Мехмед[6]. Според Евлија Челебија родот Охрид заде, којшто, изгледа, потекнувал од една потурчена болјарска фамилија, имал своја џамија што Челебија ја вика тука џамија Охрид заде, тука Царска (Хунќар) џамија која сопствениците, изгледа, кога поминале во ислам, му ја подариле на султанот Бајазит, веројатно на Бајазит II[7]. Се мисли секако на „Имарет" џамија, која званично се викала Синан Челеби џамија[8]. Овие податоци дозволуваат да се прими како веродостојно мислењето дека Климентовата црква била претворена во џамија во XV век, ако не постоеше една пречка што јасно ја согледал и А. Урошевиќ. Таа се состои во тоа што вакуфнамата се однесува на текија, а не на џамија. Затоа и Урошевиќ вели: „Ако текијата можела да се претвори во џамија, тогаш, изгледа, тој документ (се мисли на вакуфнамата од 1490–1491) се однесува на сегашниот Имарет"[9]. Меѓутоа, ние немаме никакви докази дека текијата што ја подигнал Јусуф Челеби се претворила во џамија, и тоа во џамија што званично се викала Синан Челеби џамија. Навистина Евлија Челебија во Охрид споменува и текеџамија, но таа нема врска со Охрид заде џамија, што се наоѓала „пред горниот град"[10]. Затоа сметам дека ова прашање и натаму останува нерешено, односно само хипотетично решено, т.е. онака како што го имам решено во мојата студија за Климентовиот манастир[11].

Во врска со хипотетичното решение односно времето кога била претворена Климентовата црква во џамија е и решението за нејзиното урнување. Ако се земе 1466 година како година на претворување на Климентовата црква во џамија, тогаш, сообразно со тен-

---

[5] Р. Љубинковић, *Црква светог Вознесења у Лесковецу код Охрида*, Старинар, Нова серија, књ. II, Београд, 1951, стр. 197 и 200.

[6] А. Урошевић, *Охрид, географска монографија*, Фил. факултет, посебна издања, књ. 8, Скопје, 1957, стр. 14.

[7] Евлија Челебија, *Кроз Повардарје*, Glasnik Jugoslovenskog profesorskog društva, knj. XVI, Beograd, 1936, стр. 511; А. Урошевић, цит. дело, стр. 13.

[8] А. Урошевић, цит. дело, стр. 14.

[9] Ibid.

[10] Евлија Челебија, *Кроз Повардарје*, стр. 515.

[11] Коцо, *Климентовиот манастир, „Св. Пантелејмон" и раскопките при Имарет во Охрид*, Год. зборник на Фил. факултет, Скопје, 1948, стр. 153–154.

киот слој вар што е најден над фреските од Климентовата црква, и рушењето на црквата, односно џамијата можело да биде по еден сравнително кус период, можеби кон крајот на XV век, а ако се земе времето на Бајазит II, што ми изгледа исто така можно, тогаш рушењето на црквата, односно џамијатаби било во првите децении од XVI век.

По однос на времето кога е соѕидана сегашната, постоечката „Имарет“ џамија, односно Султан Мухамед џамија, податоците што ни ги дава Евлија Челебија се драгоцени. Тој јасно ја определува положбата на Охрид заде џамија во стариот дел на градот, недалеку од цитаделата. Дека се работи за сегашната џамија „Имарет“, се потврдува и со податоците што ги наведува Челебија за бунарот, што тогаш се користел, којшто, како и денес, се наоѓа недалеку од џамијата[12]. Се разбира дека од податоците што ги наоѓаме кај Челебија не може да се заклучи кога била соѕидана сегашната џамија. Меѓутоа, сигурно е дека таа постоела во XVII век. Поблиску ќе се доближиме на времето на ѕидањето на сегашната џамија ако го поврземе времето со можното обновување на Климентовиот манастир со неговото рушење, односно ѕидање на сегашната џамија.

Врз основа на изложеното обновувањето на Климентовиот манастир не можело да биде во XVII век. Во XVII век, како што видовме, „Имарет“ џамија веќе постоела. Остану̀ва XVI или поточно XVI и првата половина на XVII век како временски простор за обновување на манастирот, бидејќи Евлија Челебија го посетил Охрид во седмата деценија од XVII век.

XVI век за Охрид, како и за целиот Балкан, бил многу благопријатен во споредба со претходниот век. Во XVI век Охридската архиепископија, под раководство на арх. Прохор, а и порано, имала големи територии под своја јурисдикција. Околу 1430 година Охридската архиепископија, без охридската имала 32 епархии (гребенска, костурска, струмичка, мегленска, битолска, кичевска, дебарска, полошка, скопска, кратовска, ќустендилска, преспанска, корчанска, авлонска, бератска, спатска, музакитска, призренска, новобрдска, будимска, новопазарска, пеќска, цетинска или далматинска, херцеговачка, босанска, зворничка, студеничка, белградска, смедеревска, белоцрквенска, унгарска и нишка[13]). Во овој век Високата Порта имала поголемо разбирање и била поблагонаклона кон барањата на своите христијански поданици. Тогаш се обновиле многу цркви и тоа не само во Македонија туку и на целата територија на Турското царство. Толеранцијата кон верските чувства на своите поданици Високата Порта ја потврдила и со обновувањето на Пеќската патријаршија (1557), чии епархии, по нејзиното укинување од страна на турците по пропаста на српската држава, дошле под јурисдикција на Охридската црква. Во вакви услови и при постоењето на порано определен позитивен став во врска со обновувањето на цркви што биле подигнати пред доаѓањето на Турците, можно е да се помисли дека Климентовиот манастир бил обновен во првата половина на XVI век или поточно за време на Охридскиот архиепископ Прохор. Оваа претпоставка ја поткрепува и влошената положба на Охридската црква во втората половина на XVI век и во XVII век кога нејзината акција за добивање помош од Европа против Турците била реваншрана со против акција на официјалната власт[14] што силно се одразила и на христијанските храмови[15].

Извесни индикации за потврдување на претпоставката дека Климентовиот манастир можел да биде обновен во времето на Прохора и можеби по неговата иницијатива, наоѓаме во податоците што ни ги дава една надгробна плоча што денес се наоѓа во црквата Богородица Перивлептос, денешен Св. Климент. На таа плоча има два словенски, натписи од кои оној што се однесува на смртта на св. Климент, е првичен, а другиот, што ни ја дава годината на смртта на архиепископот Прохор, вторичен[16]. Оваа надгробна плоча е од гро-

---

[12] Евлија Челебија, *Кроз Поварсарје*, стр. 516.

[13] Ив. Снѣгаровъ, *История на Охридската архиепископия – патриаршия отъ паданетo и под Турцитѣ до нейното унищожение (1394–1767 г.)*, София, 1932, стр. 160–161.

[14] Ив. Снѣгаровъ, цит. дело, стр. 98–102.

[15] *Македонија во XVI и XVII век*, стр. 89.

[16] Йорд. Ивановъ, *Български старини изъ Македония*, София, 1931, стр. 40

бот на св. Климент, но, се разбира, не од првоначалниот негов гроб, туку од покасен гроб што се потврдува прво со натписот во којшто Климент се споменува како светец, а второ поради тоа што оваа плоча не одговара на димензиите од вистинскиот Климентов гроб во неговата црква[17]. Се поставува прашање како се дошло до овие два натписи на една надгробна плоча? Јасно е дека плочата со натписот за смртта на св. Климент била поставена над Климентовиот гроб пред смртта на арх. Прохор кога на таа иста плоча е поставен и натписот за смртта на Прохора. Во склопот на овие околности и претпоставката за обновувањето на Климентовиот манастир постанува поаргументирана. Логиката е наполно задоволена. При постоење на остаток од една олтарна апсида меѓу Климентовата црква и апсидата на ранохристијанската базилика што е откриена во слојот од турскиот период како и христијански, калуѓерски гробови што потекнуваат од тој ист период од една страна и надгробна плоча од гробот на Климента што не припаѓа на првобитниот Климентов гроб и што не можела да биде поставена над него и при реставрацијата на Климентовата црква (со претпоставка дека оригиналната надгробна плоча тогаш била уништена) од друга, оваа плоча можела да биде надгробна плоча на Климентовиот гроб во црква која има некаква врска со Климента, но во која неговиот првобитен гроб бил изгубен за верните. Таа црква јас ја гледам во обновената Климентова црква. Остатоците од првобитната Климентова црква заедно со Климентовиот гроб при обновувањето на црквата останале под подот на обновената црква. Што е поприродно од изградување на нов Климентов гробов една црква подигната како обнова на Климентовата црква и од поставување на надгробна плоча со словенски натпис за смртта на св. Климент? Јасно е дека при овие податоци може само да се претполага дека надгробната Климентова плоча што денес се наоѓа во Богородица Перивлептос припаѓала на обновениот Климентов гроб во обновената црква над урнатините од првобитната Климентова црква. Исто така и натписот за смртта на Прохора може да се смета како сигурна индикација не само дека Прохор го обновил Климентовиот манастир со Климентовата црква и гроб, туку и дека таа обновена црква во XVI век била охридска катедрала, а можеби и седиште на архиепископот. Архиепископскиот престол на Прохора што денес се наоѓа во Богородица Перивлептос, каде што е и споменатата плоча, веројатно бил пренесен од обновената Климентова црква во Перивлептос заедно со надгробната плоча и моштите на св. Климент. Последните, секако, по првото претворување на неговата црква во џамија биле пренесени во некоја охридска црква и по обновувањето вратени во црквата Св. Пантелејмон, а од таму, кога и обновената црква Турците ја претвориле во џамија, односно срушиле и на тоа место ја подигнале сегашната џамија, моштите со архиепископскиот престол и надгробната плоча од Климентовиот гроб ги пренеле во Св. Богородица Перивлептос. Секако од тогаш до денес Богородица Перивлептос го носи името Св. Климент.

Кога била срушена и претворена во џамија обновената Климентова црква не е јасно. Се одбележа дека од втората половина на XVI век наваму положбата на Охридската црква се влошила. Исто така се одбележа дека во втората половина на XVI век или во XVII век, поради истите причини, не можела да биде обновена Климентовата црква. Тогаш обновената црква можела да биде само срушена и над неа подигната сегашната џамија. Податоците и проучувањата што ги изнесов во првата моја студија за Климентовиот манастир[18], заедно со податоците што се изнесени во оваа студија, тоа го потврдуваат.

Дека обновената Климентова црква била веќе срушена веројатно во втората половина на XVI век може да се заклучи и од податоците што ни ги дава опширниот дефтер за Охридскиот санџак, свеска I, што прво се чувал во Цариградскиот архив под номер 25, а сега се наоѓа во Анкара во Државниот архив под номер 428 (Првиот дел од дефтерот го снимила Галаба Паликрушева. Филмот се чува во Архивот на Македонија М 369, Инв. 1457). Дефтерот е од 1582 година. На листот пагиниран под број 20, откако се регистрирани

[17] Коцо, цит. дело, стр. 165. Димензиите на плочата што е делумно оштетена се 126 x 59 x 10 см.

[18] Коцо, цит. дело, стр. 153–154.

11 христијански, односно македонски домаќинства од малата Св. Димитрија во Охрид, што била во стариот дел на градот, регистрирано е уште едно лице, Пенко (или Нико – читањето не е сигурно) Јован под чие име стои: „Споменатиот, кога ќе станело потреба, ги поправувал вратите на Охридската крепост, потоа Имаретот на светиот месџид во самата крепост, како и амбарите за пченица и просо што биле во крепоста. Бидејќи неговата служба (задолжение) немала никакви недостатоци, бил ослободен од давање на арач, испенџе и ушур (десеток). Бидејќи истиот притежавал царски документ за тоа ослободување, повторно било заведено во новиот царски дефтер за да биде ослободен и натака“[19].

Споменатиот „Имарет на светиот месџид“ секако бил на денешниот локалитет „Имарет“, бидејќи на друго место „Имарет“ во „самата крепост“, т.е. во стариот дел на градот до денес не е констатиран. Се разбира, не може да се мисли дека „Имаретот на светиот месџид“ бил во цитаделата. Зошто таму, иако е констатиран месџид[20], Имарет немало, односно никаде не се споменува. Заради тоа што во Охрид во XVII век, а и денес, под Имарет во стариот дел на градот се разбирала, односно во тој поим влегувала и Имарет џамија, иако во споменатиот дефтер не стои Имарет на светата џамија, туку „Имарет на светиот месџид“, јасно е дека станува збор за Имаретот на џамијата што била на местото од Климентовиот манастир, односно за Имарет џамија. Ако постоел некој друг значаен Имарет не само во овој дел од Охрид, туку воопшто во стариот дел на градот, Евлија Челебија би го спомнал во својот патопис во којшто дава доста податоци за Охрид та споменува дури дека Охридската крепост имала градобрани[21].

Од податоците што ги дава првата свеска од овој дефтер, меѓутоа произлегува дека сегашната Имарет џамија (Султан Мухамед, односно Синан Челеби џамија) не може да се идентифицира со „светиот месџид“, зошто месџидот е мала џамија без минаре[22], а џамијата Имарет е голема и со минаре. Потоа, притежателот на царскиот документ за ослободување од даноци Пенко (или Нико) Јован овој документ го имал и порано, што значи дека „Имаретот на светиот месџид“, како и самиот месџид, постоел и пред 1582 година. Ако кон овие податоци додадеме дека џамијата Охрид заде, според Евлија Челебија, добила, покрај постојното, уште едно минаре, односно дека имала две минариња, тогаш се поставува во сомневање дека Евлија Челебија ја споменува сегашна Имарет џамија[23]. Според моето толкување оваа констатација не треба да внесува сомневање во тоа дека Евлија Челебија ја видел сегашната Имарет џамија. Тој одбележува дека џамијата имала прво едно минаре, а потоа било додадено второто. Тоа значи дека второто минаре не било предвидено од архитектот на џамијата. Заради тоа што ние сега ја имаме џамијата во урнатини, не можеме да констатираме каде и какво било дозиданото минаре. При оваа положба на сегашната џамија логично е да се заклучи дека „Имаретот на светиот месџид“, постоел и пред 1582 година, а џамијата Охрид заде, односно сегашната џамија Имарет била подигната по 1582 година, т.е. кон крајот на XVI или во првата половина на XVII век. Со други зборов, по урнувањето на обновената Климентова црква, веројатно во втората половина на XVI век, можеби по смртта на охридскиот архиепископ Прохор (1550), бил подигнат месџидот и неговиот Имарет, а покасно на негово место била подигната Имарет џамија. Меѓутоа, прашањето за подигањето на месџидот може да се постави и сосема поинаку. Ако месџидот е џамија без минаре, тогаш и Климентовата црква што ја претвориле во џамија, под претпоставка да не се доѕидале минаре (на Света Софија во Охрид доѕидале[24]), можела да се

---

[19] Податоците и преводот се од проф. М. Соколоски за кои и овде му искажувам благодарност.

[20] Евлија Челебија, *Кроз Повардарје*, стр. 509.

[21] Ibid.

[22] Dictionnaire turc – français par Ch. Samy-bey Faschery, Constantinople, 1885, стр. 1622.

[23] Евлија Челебија, *Кроз Повардарје*, стр. 511.

[24] Минарето било доѕидано на северозападната кула од ексонартексот на Св. Софија во Охрид, види Б. Нушиќ, *Крај обала Охридског језера*, Београд, 1894, стр. 67.

нарече месџид. Само на една ваква мисла и се противставува фактот дека Климентовата црква како џамија била кратко време, како и неможноста да се претполага дека по нејзиното урнување во XVII век била обновена Климентовата црква како христијански храм. Затоа сметам дека споменатиот месџид не треба да се идентифицира со Климентовата црква што била претворена во џамија. Податоците со кои Што располагам дозволуваат само да се претполага дека споменатиот месџид можел да биде евентуално обновената Климентова црква, што Турците ја претвориле во џамија, но не и првоначалната Климентова црква, која, како што веќе се спомена, била варосана со тенок слој вар, односно за кусо време претворена во џамија. Дали тогаш се служело во оваа првоначална Климентова црква-џамија или тоа било само мерка во врска со турските репресалии над православното население и Охридската црква, засега не може да се установи. Ако по варосувањето на првоначалната Климентова црква турската власт донела друго решение, спротивно од она со кое е поврзано варосувањето на фреските, тогаш може да се претполага дека Климентовата црква, односно Климентовиот манастир, не била де факто претворена во џамија до нејзиното урнување. Меѓутоа, за ваква претпоставка нема никакви податоци и јас неа не можам да ја прифатам. За мене и натаму, се додека не се пронајдат нови документи што ќе ја изменат положбата на моите познавања, си останува како сигурно дека првоначалната Климентова црква била претворена во џамија.

Резимирајќи го изложеното, може да се заклучи следното: 1. Триконхосот што Климент го обновил бил соѕидан над изгорена ранохристијанска базилика; 2. Постои можност да се претполага дека Климент обновил еден опустен манастир; 3. Обновувањето на Климентовата црква било веројатно во првата половина на XVI век[25]; 4. Во втората половина на XVI век изгледа била срушена обновената Климентова црква или претворена во месџид со Имарет; 5. Кон крајот на XVI век или во првата половина на XVII век над урнатините од Климентовата црква била подигната џамијата Имарет, чии остатоци се зачувани до денес; 6. Надгробната плоча со словенските натписи за смртта на св. Климент и охридскиот архиепископ Прохор, заедно со престолот на Прохора, што денес се наоѓаат во црквата Богородица Перивлептос, во оваа црква изгледа биле пренесени во врска со дефинитивното претворување на обновената Климентова црква во џамија; 7. Периодот од обновувањето на Климентовата црква до подигањето на месџидот на локалитетот „Имарет“ претставува нова партија во историјата на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид што до археолошките ископувања на Климентовата црква во 1965 година беше наполно непозната.

[25] Во 1966 година, во врска со конзервирањето на откриените остатоци од црквата на Климентовиот манастир, се продолжи со археолошки испитувања северно од североисточниот агол на џамијата. На овој дел се најдоа остатоци од полукружен ѕид. Овој полукружен ѕид и апсидата што е откриена меѓу апсидата од ранохристијанската базилика и Климентовиот триконхос припаѓаат на ист објект. Тој објект имал источна, северна и, се разбира, јужна конха, односно бил триконхос. Врз основа на овие нови податоци може да се заклучи дека обновената Климентова црква била триконхос. Ова едновремено покажува дека новиот ктитор имал извесна претстава за изгледот на урнатата црква.